Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08 - 191/6
08-11-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација, поднесена од Карате клубот [redacted] Скопје, претставуван од лицето [redacted] и Карате клубот [redacted] претставуван од лицето [redacted], бр. 08-191/1 од 25.03.2022 година за извршена дискриминација по основ на личен и општествен статус на лица спортисти – каратисти, членови на овие клубови, од страна на Карате федерацијата на Република Северна Македонија (КФРСМ), претставувана од претседателот [redacted], врз основа на став 7 од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, (Сл.весник на РСМ бр. 258/20) на 08.11.2022 година го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКА

**Се запира** претставката за заштита од дискриминација, поднесена од Карате клубот [redacted] Скопје, претставуван од лицето [redacted] и Карате клубот [redacted] претставуван од лицето [redacted], бр. 08-191/1 од 25.03.2022 година за извршена дискриминација по основ на личен и општествен статус на лица спортисти – каратисти, членови на овие клубови, од страна на Карате федерацијата на Република Северна Македонија (КФРСМ), претставувана од претседателот [redacted], по барање на подносителите на истата.

## О б р а з л о ж е н и е

На 25.03.2022 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка бр. 08-191/1, од горенаведените подносители за извршена дискриминација по основ на личен и општествен статус на лица спортисти – каратисти, членови на овие клубови, од страна на Карате федерацијата на Република Северна Македонија.

Согласно член 24 став 7 од Законот, на 31.03.2022 година, Комисијата до Карате федерацијата испрати Барање за произјаснување по наводите содржани во претставката, под арх.бр. 08-191/2.

На 15.04.2022 година пристигна Одговор на барањето од страна на КФРСМ, заведено под број 08-193/3, по што Комисијата ја започна работата на предметот согласно процедурите пропишани во Законот.

На 28.10.2022 година, до архивата на КСЗД доставено е барање бр. 08-191/5 за запирање на постапката за заштита од дискриминација од страна на подносителите, во кое како причина наведуваат новонатанати околности.

Во случај кога подносител на претставка одлучи да ја повлече истата, согласно одредбите содржани во член 27 став 7 од ЗСЗД, Комисијата е должна да донесе заклучок за запирање на постапката, како што е наведено во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита одискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
3. Карате федерација на РСМ, Кошаркарка сала „Работнички“, Градски парк Скопје б.б. 1000 Скопје
4. Архива на КСЗД